# Вести

февруари 17, 2024

## Сториите за скандалот за Онкологија првонаградени од ЗНМ




Наградените новинари од ЗНМ

Новинарските стории за скандалот со клиниката за онкологија за злоупотреби на терапија ја освоија првата награда за најдобра истражувачка сторија „ Јашар Еребала“ од Здружението на новинари ( ЗНМ). Добитници на првата награда се новинарските Ирена Мулачка од неделникот Фокус и Мирослава Симоновска од весникот „Слободен печат“.

Темата отвори сериозни сомнежи во јавноста за тоа што се случувало со хемотерапијата во таа клиника. Обвинителството отвори и истрага во која главни осомничени за злоупотреба на службена должност се двајца поранешни директори на Клиниката за онкологија – еден медицински и еден организациски, и тројца доктори. Тие се осомничени за за повеќе кривични дела за периодот од 2017 до 2022 година.

Истрагата во овој момент се однесува на два клучни аспекти. Едниот е дека биле набавувани лекови на реверс, без објавување тендери односно во нетранспарентни постапки. На ваков начин се создавале вишок лекови и терапии. Вториот аспект, е што се препишувале повеќе од потребни лекови на име на пациенти. Истрагата понатаму треба да утврди каде завршил вишокот.

ЗНМ денеска додели и награда за животно дело „Крсте Петков Мисирков" која и припадна на новинарката Соња Николовска од ТВ Телма. Наградата за најдобро новинарско известување за теми од локално и регионално значење и припадна на новинарката Анета Блажевска од Независен.

Посебни признанија за истражувачко новинарство им беа доделени на Истражувачката репортерска лабараторија, новинарот на Радио Слободна Европа Петар Клинчарски, новинарот од „Порталаб" Фисник Целили и спортскиот новинар Горан Антевски.

**ВИДЕТЕ И ОВА:**
Државна лотарија закупи поранешен ресторан за свадби за 2,6 милиони евра

Претседателот на ЗНМ, Младен Чадиковски во своето обраќање ги истакна проблемите со кои новинарите се соочуваат секојдневно, но и потребата за меѓусебната солидарност во фелата.

„Професионалноста на новинарите ја гледаме со секоја објава, сторија, истражување. Ме радува фактот што се повеќе акцент се става на истражувачките стории, бидејќи само на тој начин вистината ќе излезе на површина. Изминатава година имавме навистина вредни приказни кои беа објавени и кои оставија печат во јавноста. Дел од нив се у меѓу наградените. Да не заборавиме дека токму овие теми се двигатели на општествените промени за што се доказ и овие награди на ЗНМ за најдобрите меѓи нив", изјави Чадиковски.

ЗНМ годинава одбележа 78 години од своето основање.

## види ги сите денешни вести

февруари 23, 2024

## Русија ја нападна Украина со дронови, тројца загинати во Одеса

илустрација

Русија започна нова серија напади со беспилотни летала врз цели во Украина рано утрото на 23 февруари, при што загинаа најмалку три лица, а осум беа повредени, соопштија украинските воени и регионални претставници.

прочитај повеќе

---

февруари 23, 2024

## Орбан најави договор за одбранбената индустрија со Шведска

Виктор Орбан, премиер на Унгарија

Унгарија ќе потпише договор за одбранбената индустрија со Шведска, изјави премиерот Виктор Орбан пред средбата со шведскиот премиер Улф Кристерсон во Будимпешта на 23 февруари. Ова се случува додека Унгарија се подготвува конечно да ја ратификува кандидатурата на Шведска за НАТО.

прочитај повеќе

февруари 23, 2024

## ЕУ санкционираше шест лица и организација поради поткопување на безбедноста на Молдавија

илустрација

Европската Унија воведе санкции против шест лица и една паравоена организација, кои треба да го поткопаат „владеењето на правото, стабилноста и безбедноста“ во Молдавија.

прочитај повеќе

февруари 23, 2024

## Најмалку четворица загинати и 14 повредени во пожар во Валенсија

Голем пожар зафатил станбена зграда со 14 ката, Валенсија, Шпанија 23 февруари 2024

Најмалку четири лица загинаа, а 14 се повредени, а 19 се водат како исчезнати во пожар во 14-катна станбена зграда во шпанскиот град Валенсија.

прочитај повеќе

февруари 23, 2024

## Соединетите Држави воведуваат санкции против Русија

Американскиот претседател Џо Бајден

Соединетите Држави (САД) во петок (23 февруари) воведуваат нови санкции против Русија пред втората годишнина од руската инвазија на Украина, изјави за Ројтерс заменик-секретарот за финансии на САД, Воли Адејемо.

прочитај повеќе

февруари 22, 2024

## САД покренаа обвиненија против руски бизнисмени како порака до Путин

Андреј Костин, претседател на руската државна банка ВТБ (десно) на средба со рускиот претседател Владимир Путин, 11 јули 2023 година

Американското Министерство за правда објави серија апсења и обвиненија против руски бизнисмени и нивните соработници во пет одделни федерални случаи кои ги опфаќаат Њујорк, Флорида, Џорџија и округот Колумбија.

Акцијата беше темпирана да се совпадне со втората годишнина од руската инвазија на Украина, која започна на 24 февруари 2022 година.

прочитај повеќе

февруари 22, 2024

## Лајчак ги покани Косово и Србија на состанок за динарот

Мирослав Лајчак, специјален пратеник за дијалоготот меѓу Косово и Србија, 30.1.2024 година.

Специјалниот пратеник за дијалогот меѓу Косово и Србија, Мирослав Лајчак, планира следната недела да организира рунда состаноци со Србија и со Косово на кои ќе се разговара за одлуката на Централната банка на Косово (КЦБ) да ја укине употребата на динарот, потврди портпаролот на Европската унија (ЕУ), Петер Стано.

Стано потврди и дека Лајчак испратил покана до Приштина и Белград за средба што требаше да се одржи во вторник на 27 февруари.

„Обично не коментираме за преписките со партнерите. Меѓутоа, во писмото за покана на специјалниот претставник на ЕУ, Лајчак, не е прецизирано кој треба да ги претставува Косово и Србија - тоа им останува на страните“, објасни Стано во писмената реакција до медиумите.

прочитај повеќе

февруари 22, 2024

# Мајката на Навални го видела телото на синот, вели дека руските власти притискаат за таен погреб

Људмила Навалнаја, мајка на рускиот опозициски политичар Алексеј Навални

Људмила Навалнаја, мајка на рускиот опозициски политичар Алексеј Навални,
изјави дека инспекторите ѝ дозволиле да го види телото на нејзиниот син доцна во средата на 21 февруари во арктичкиот град Салехард, откако на 16 февруари тој почина во затворот „Поларен волк“ каде издржуваше 19-годишна затворска казна поради обвинение за екстремизам.

Во видео изјава, Навалнаја рече дека потпишала потврда за смртта, но дека властите продолжуваат да го чуваат телото на нејзиниот син.

Навалнаја рече дека поминала 24 часа во директоратот на Истражниот комитет во Салехард и била донесена во мртовечница во Салехард каде што го видела телото на нејзиниот син за прв пат откако неговата смрт беше објавена во јавноста на 16 февруари.

Навалнаја рече дека била донесена во мртовечница „тајно“ и додека таму ја потпишала потврдата за смртта, нагласувајќи дека властите го прекршуваат законот со тоа што не ѝ го даваат телото на нејзиниот син и „поставувајќи услов каде, кога и како Алексеј треба да биде погребан“.

прочитај повеќе

февруари 22, 2024

## Застаре предметот „Моќник“ во кој обвинет е Антонијо Милошоски

Антонијо Милошоски

Настаната е апсолутна застареност на кривичното гонење во предметот „Моќник“, во кој меѓу обвинетите беше Антонијо Милошоски, пратеник од ВМРО-ДПМНЕ, кој се товареше дека со користење на својата положба поттикнувал да биде лустриран судија во Кичево, во случај за нелегална продажба на имот и објект што го користела општина Пласница.

прочитај повеќе

февруари 22, 2024

## Данска и Украина постигнаа безбедносен договор

Данска-Украинскиот претседател Володимир Зеленски и данската премиерка Мете Фредериксен седат во борбен авион Ф-16 во воздушната база Скридструп во Војенс, Данска, 20 август 2023 година

Данска, еден од најверните сојузници на Украина, во четвртокот (22.2) објави дека постигнала десетгодишен безбедносен договор со Киев, по слични договори што неодамна ги потпишаа Берлин, Лондон и Париз.

Украина се обидува да ја зајакне својата безбедност преку билатерални договори додека се надева дека еден ден ќе се приклучи на одбранбената алијанса, Организацијата на Северноатлантскиот договор (НАТО).

„Договорот значи дека идната воена и цивилна поддршка ќе биде воспоставена во следните десет години во билатерален политички договор“, соопшти данското Министерство за надворешни работи.

Поддршката ќе биде финансирана од Данската фондација за Украина, која во моментов се проценува на 69,1 милијарди круни (околу десет милијарди долари).

прочитај повеќе

Вчитај повеќе

Радио Слободна Европа / Радио Слобода. Сите права се резервирани